# Извештај на независниот ревизор

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија

**Т** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**Е** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

До Основачите на

Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје (во понатамошниот текст „Здружението" или „Центар за граѓански комуникации") составени од Билансот на состојба на ден 31 декември 2023 година, и Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промените на фондот за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации, вклучени на страните 2 до 13.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, било поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Здружението со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Здружението. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје на ден 31 декември 2023 година, како и резултатите од работењето за годината што тогаш заврши во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации.

Сузана Ставриќ
Управител
Грант Торнтон ДОО, Скопје

Билјана Митревска
Овластен ревизор

Скопје, 8 јули 2024 година

---

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

grantthornton.mk